## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Третото продолжение на Сто и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 септември 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 16,25 часот, (по завршување на десеттото продолжение на 94-та седница).

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по 103-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Љубчо Георгиевски, Марија Којзеклиска, Весна Борозан, Каролина Ристова, Ванчо Ѓорѓиев, Рафет Муминовиќ, Абдулади Вејсели, Али Ахмети, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Марјан Ѓорчев и Ѓирѓи Трендафилов ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме со точката 24 - Предлог за донесување на закон за просветна инспекција, со Предлог на закон,** предложен од група пратеници.

Претресот по Предлогот за донесување на законот е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за просветна инспекција.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 49 пратеника, од кои 9 за, 5 воздржани и 35 против. Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

**Минуваме на точката 23-Предлог за донесување на закон за Бирото за развој на образованието.**

Предлагач е Владата на Република Македонија.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Митковска.

**Милка Митковска:** Образованието и воспитанието како многу значаен сегмент во едно современо општество кај нас се процесуира и остварува низ два правни субјекта и тоа: Државниот просветен инспекторат и институцијата Биро за развој на образованието и воспитанието.

Причините за донесување на овој закон лежат во нормативното регулирање на надлежностите на Бирото за развој на образованието, а во функција на унапредување и осовременување на воспитно-образовниот процес во Република Македонија, како и празнината која се создаде со укинувањето на Законот за организирање на дејноста за унапредување на образованието и воспитанието кое се однесува односно беше донесен во 1991 година, според кој работеа поранешните заводи за образование.

Како последица на оваа правна празнина останаа недоволно дефинирани надлежностите на Бирото за развој на образованието и воспитанието. Оттука и нашето мислење дека има потреба од донесување на ваков закон кој ќе ги согледа разликите и сличностите на двете институции како не би се преклопувале од една страна и би се дефинирале надлежностите на Бирото за развој од друга страна.

Во исто време би се уредиле и другите прашања од значење за развој на унапредување на воспитанието во Република Македонија и да се разграничат надлежностите на Државниот просветен инспекторат, кој е со нагласена инспекторска компонента и Бирото за развој на образованието нагласена во советодавно дидактичко програмска компонента од доменот на воспитно-образовниот систем.

Предложениот закон е многу краток, јасен и концизен и се состои од 22 члена поделени во пет поглавја и тоа.

Првото поглавје се основни одредби, второ, надлежности на Бирото, трето, финансирање на работата на Бирото, четврто, раководење со Бирото и петто, преодни и завршни одредби.

Јас не би се задржала на другите одредби освен на второто поглавје кое се однесува на надлежностите на Бирото, кое што во суштина има 7 члена од овој закон поместени во Поглавјето надлежности на Бирото.

Во овие 7 члена во суштина овој Предлог за донесување на закон ги третира токму надлежностите на Бирото за развој на образованието со што во суштина се разликува од надлежностите на Државниот просветен инспекторат.

Имено членот 5 од ова Поглавје вели дека Бирото работи на развојот и унапредувањето на образованието и воспитанието, основното, средното, специјалистичкото образование, образованието на возрасните и образованието на децата и граѓаните на Република Македонија во странство за учење на нивниот мајчин јазик и култура.

Биеото врши стручни, управни и други работи од надлежност на Министерството за образование и наука утврдени со овој и друг закон и тоа.

Како прво предлага концепти за развој на воспитно-образовниот систем и наставни планови и програми за предучилишно, основно, средно и специјалистичко образование и образование на возрасните.

Второ, врши развој и инструктивно советодавна работа за воспитно образовните установи.

Трето врши стручни работи за професионалниот развој и стручното и педагошкото усовршување на кадрите на воспитно-образовните установи.

Четврто подготвува концепција и програма за издавање на учебници и методологија за вреднување на учебниците.

Петто врши издавачка дејност поврзана со воспитно образовната работа.

Шесто изработува стандарди за постигнувањето на воспитанието и образованието и за вреднување и оценување на развојниот и постигнувањата на учениците.

Седмо, воспоставува, развива информативно документациски систем во областа на образованието, што е во неговата надлежност.

Во членот 6 ќе нагласам дека се однесува на следење и проучување на резултатите и достигањата на педагошката теорија и практика заради унапредување на системот на образованието и воспитанието и внесува иновации во содржините, методите, облиците и средствата за воспитно-образовната работа.

Во членот 7 имаме материја што врши советодавни работи со воспитувачите, наставниците, стручните соработници и директорите за планирањето и програмирањето на воспитно образовната работа.

Во членот 8 наведено е работа околу прибирање податоци за образовната структура на воспитно образовните кадри и евидентирање на промените на образованието за наставниците и другите кадри во предучилишното, основното и средното воспитание и образование.

Во членот 9 е сместена материјата која се однесува на предлагање план и програма за издавање учебници за предучилишното, основното воспитание и образование.

Членот 10 се однесува на проучување на проблемите поврзани со развивање на образовните стандарди.

Членот 11 се однесува на воспоставување информациски систем и база на податоци за предучилишното, основното, средното, специјалистичкото образование и образованието на возрасните.

Токму ова како материја што ја регулира работата на Бирото за развој на образованието и воспитанието е она што се разликува од работите што ги врши Државниот просветен инспекторат.

Имено, сакам да нагласам дека овој закон, уште еднаш ќе повторам е многу јасен и концизен и претставува една од заокружувачките форми на целокупниот систем за образование како на основното така и на средното, предучилишното образование, образованието на деца со посебни потреби и образованието на возрасните.

Значењето на овој Предлог закон е дотолку поголем и со тоа што се поставени и целите на самиот закон, а тоа е поуспешен развој и унапредување на системот на предучилишното, основното, средното образование, образованието на деца со посебни потреби и образованието на возрасните во Република Македонија.Токму заради тоа, односно токму заради значењето на овој закон Либералната партија ќе го подржи донесувањето и потребата од донесување на овој закон, со Предлог на закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Хусеинџевад Хусеин, повелете имате збор.

**Хусеини Хусеинџеват:**Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Пред нас е законот за развој на Бирото за развој на образованието за нејзините должности во реконструкцијата на предуниверзитетското образование. Значи Бирото се наоѓа пред нова улога и нови искушенија, педагошки и стручни. Тоа со овој закон ќе биде рамноправен партнер во кругот на институциите кои за должност имаат што поквалитетно образование. Тоа ќе треба да ги имплементира новите наставни планови и програми и постојано да ги усовршува избогатува во функција на квалитетот и императивот кои ги диктира ова време на радикални измени.

Основните цели на Бирото ќе бидат можност за образованието на новите форми на остварување на наставните процеси за сите, создавање на услови за поквалитетно функционирање во новите услови за образованието во однос на децентрализацијата, користењето на расположивите материјални и кадровски средства.

Стратешката улога се фокусира во следните домени, како што е обработка на плановите и програмите, професионално подготвување на наставниците и раководните кадри во училиштата и предучилишните установи, изградба на критериумите, вистински критериуми и лиценци на учебниците и помошната литература, советодавна улога и во другите воспитно образовни институции, истражувањето во образованието, основање на информативен систем за обработка на информации и нивно чување, нивна распределба и друго.

Законот овозможува во непосредна соработка со образовните субјекти да се постигнат успеси и да се извршат предвидените измени.

Законот ги задолжува и зема одговорност секој субјект да има одговорност за работата што ја врши на независен начин, но природно ова ниту може да се замисли без тесна соработка на стручњаците од земјата и надворешните стручњаци, и засновајќи се на нашите исксутва и на искуствата на другите европски земји.

Оваа институцијаа именуван апретходно Завод за образование постои уште од 1956 година и ја врши својата професионална функција, а со овој закон јасно се дефинираат должностите на Бирото, како и паралелно на Државниот инспекторат за образование и на другите образовни установи.

Непосредни соработници на Бирото се, стручните професионални соработници во училишта, Министерството за образование, Државниот инспекторат за образование, универзитетите, независните стручњаци од оваа бранша и други.

Бирото има и свои подрачни единици, но според мене бројот на советниците во тие единици не ги задоволува потребите на училиштата за совети и стручна помош, посебно што сега сме во фаза на децентрализација која сеуште не е завршен.

Треба да кажеме дека овде сме донеле многу закони и ќе донесеме уште во корист на што правично и  подобро образование. Но повторно добрите закони нема да го постигнат очекуваниот ефект без да го третираме материјалот уште подобро и повнимателно наставникот, нашиот педагог.

Со сегашните плати навистина  навистина не можат да ги задоволат нивните елементарни потреби, а камоли културните потреби или пак да купиш книга и ли да посетиш една културна манифестација, дневен печат, да посетиш еден концерт и слично.

Значи за нивните плати и оваа Влада треба да размислува сериозно. Благодарам.

**Љупчо Јодрановски:** Збор има пратеникот Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе,

Денес пред нас е уште еден закон од областа на образованието кој има и може да има сериозен инфакт на она што би сакале да го постигнеме ние како цел во образованието, а тоа е образование кое ќе овозможува добра основа за развој во сите други сегменти од општеството.

Со оглед на тоа што се работи за исклучително значаен закон кој, како што реков може да има сериозни импликации не само во развојот на образованието туку и пошироко, на Комисијата за образование, наука и култура предложивме овој закон да се гледа во две фази за да можат пратениците да ги искажат своите забелешки, а исто така, после усвојувањето на оваа фаза и другите субјекти од областа на образованието кои се заинтересирани, да можат да ги искажат своите забелешки во функција на подобрување на текстот на законот  и во втората фаза да имаме недвосмислен и квалитетен закон кој ќе биде одраз на тоа што ние би сакале да го постигнеме во образованието.

Би ракла дека конечно имаме закон за Бирото за развој на образованието, заради тоа што континуирано овие три години, во сите прилики кога сме разговарале за образованието, сме потренцирале дека е неопходно да имаме законска рамка за институциите кои имаат исклучително важна улога во овој процес, во еден дел го исправивме со Законот за државниот просветен инспекторат, ова е уште еден дел, заради што конечно веќе ќе нема преклопување помеѓу ингеренциите на Државниот просветен инспекторат и на Бирото за развој на образованието што до пред извесно време претставуваа конфузија и не обезбедуваат доволно квалитетно функционирање на образовниот систем. Меѓутоа важно е и од тој аспект што Бирото за развој на образованието треба да си го добие она значење што навистина го заслужува да се фокусира на оние ингеренции што треба да ги има за да може да имаме и посериозни и многу подобри резултати, како резултат од неговата работа.

Во повеќе наврати до сега, речиси во секоја прилика сум истакнувала дека ние не можеме да зборуваме за раформи, особено во образованието, до колку немаме институционални реформи, доколку немаме институции кои ќе имаат капацитет да ги спроведат реформите. Овој закон е еден од тие закони што не доближуваат до таа цел да создадеме институции кои ќе може да одговорат на предизвиците кои не очекуваат, како што треба да ги спроведеме во сферата на образованието. Меѓутоа, исто така кога станува збор за тоа, не можеме да кажеме само дека со тоа можеме да ја задоволиме таа сфера само ако донесеме закон. Доколку навистина сакаме да имаме квалитет, не само што треба да имаме закон туку треба да имаме квалитетен закон, треба да имаме број на вработени во Бирото кои ќе бидат доволни за да ги спроведат обврските кои им следуваат согласно, не само овој закон туку и другите закони од областа на образованието. За жал, бројот на врабените е многу намален, се намалува од година во година. Мислам дека Министерството ќе треба сериозно да види дали бројот на вработени во Бирото за образование ќе биде доволен за спроведување на реформите кои како држава сме ги зацртале, до колку навистина сакаме да имаме резултати какви се потребни, или пак од тој аспект треба нешто да се менува. Таков проблеми имаме во Државниот просветен инспекторат. Знам дека се работи на тоа, меѓутоа кога станува збор за образованието, мислам дека не би требало да имаме никакви дилеми и дека треба да ги обезбедиме сите институционални услови и капацитети, доколку сакаме да градиме општество како што ни е потребно.

Значаен фактор за развој на образовниот систем е постоењето на институции во кои има вработени компетентно стручни и научни кадри и ако сакаме да имаме таква институција која се вика Биро за развој на образованието, мора да имаме и законски критериуми за тоа кој може  да биде вработен во Бирото. Не може било кој да биде советник во Бирото. Такво нешто направивме кога го гласавме Законот за државен просветен инспекторат. Има критериуми за тоа кој може да биде државен просветен инспектор. Во оваа фаза, во овој закон ние немаме предвидено какви критериуми очекуваме да исполнува човекот кој е вработен во Бирото за разво во образовнието. Тој ќе биде еден од тие кои ќе ја креира политиката,што ќе има советодавни улога, ќе предлага наставни планови и програми, ќе ораганизира семинари и

тн. Значи ингеренциите и обврските се многу сериозни за да се пуштиме ние на случајот вработен во Бирото за развој во образованието да биде само вработен во државната администрација. Значи мора да има построги критериуми, дали тоа ќе биде најмалку пет години работно искуство во воспитно-образовниот процес, дали ќе зборува барем еден светски јазик, дали од него ќе се бара да има соодветна информатичка писменотст затоа што без тоа би било невозможно, да има високо струно образование од факултетите со наставен смер и од други факултети со завршено педагошка, психолошка и методично образование, да се бираат врз основа на јавен конкурс и тн. Мислам, кога станува збор за тоа овие работи се многу важни. Меѓутоа, исто така мислам дека е клучно да се размисли дали ќе имаме градација на вработените во Бирото, дали сите ќе бидат советници, или пак ќе имаме советник, виш советник, на кој начин ќе се избират. Порано праксата беше советниците да се бираат на јавен конкурс, па се формира рецензиона комисија која ги разгледува приложените документи, па стручен колегиум, па имало критериуми како да се дојде до повисоко звање. Мислам дека треба да има дополнителен мотив за вработените во Бирото за да можат да напредуваат понатаму, а од друга страна да се обезбеди посериозен филтер за тоа кој може да стане советник во Бирото, затоа што ќе повторам ингеренциите се премногу сериозни за да можеме да допуштиме тоа да биде без дополнителни и сериозни критериуми.

Законот што ни е предложен во оваа фаза нуди квалитетни решенија. Меѓутоа, во одредени наврати додека го читав забележав како да е набрзина пишуван.

Мислам дека во втората фаза од законот би требало да се направи усогласување со националната стратегија за развој на образованието затоа што еве веќе се излезени последните програми кои произлегуваат од националната стратегија за развој на образованието и во програмата за развој на институционалната поддршка на реформите во образовниете има наведено какви се плановите за ингеренциите на Бирото за развој на образованието. Доколку помине оваа програма во втората фаза треба да се направи усогласување во законскиот текст така што да немаме контрадикторности меѓу националните програми кои произлегуваат од националната стратегија за развој на образовниeто, со законското решение кое во втората фаза ќе ни биде предложено.

Не можам да се согласам со ставот 2 во член 5 каде се вели дека Бирото врши стручни, управни и други работи од надлежност на Министерството затоа што во членот што е во колизија со член 2, бидејќи членот 2 точно дефинира која ќе биде улогата на Бирото, а да бидам искрена за поправните работи неможам да зборувам, меѓутоа немавме одговор што би можело тоа да биде. Во секој случај сакам да истакнам дека она што би требало да се направи, уште еднаш усогласување со Националната стратегија затоа што во ова законско решение се предвидени и некои ингеренции што понатаму се предвидува да ги има Државниот испитен центар. Значи пред втората фаза би требало да имаме таков пречистен текст.

И на крајот би сакала да дадам само една забелешка, прво на член 13 околу можноста директорот да има замени. Мислам дека треба да се размисли околу таа варијанта и околу тоа кој би можел да биде заменик на директорот. Ако веќе предвидувме да има заменк, тогаш да има критериуми кој може да биде заменик на директорот.

Меѓутоа, сериозно се спротивставувам кај членот 15 каде се вели дека директорот може да овласти државен службеник да потпишува акти, да решава за определени прашања и да врши други работи од надлжност на бирото, освен за акти и работи кои во согласност со овој закон се во надлежност на директорот. Значи ниту се посочува кој може да биде тој државен службеник, нема обврска тој државен службеник да биде вработен во Бирото за развој на образованието, да биде еден од советниците. Која е тогаш улогата на заменик директорот. Ако веќе директорот има заменик, тогаш зошто е потребата директорот да овластува државен службеник. Или воопшто не треба да постои, или ако постои, тогаш мора да има прецизни инструкции за тоа кој овластен службеник би можел да го замени директорот во вакви случаи, особено затоа што тоа сепак се прашања, му се дава можност да одлучува за определени прашања, а тоа не е лице кое е избрано од Министерството како орган и во прашање би била доведена неговата одговорност, доколку се случи да потпише акт кој понатаму ќе има сериозни последици во образовниот процес.

Благодарам.

(Пратеникот Коста Прешоски ја приложува својата дискусија)

**Коста Прешоски:** Со внимание го разгедав Предлогот за донесување на закон за Бирото за развој на образованието од гледна точка на потребата за донесување на законот, начелата врз кои треба да се засновува законот, основните односи што се уредуваат со него и начинот на кој се предлага нивното уредување.

Основната причина за донесување на овој закон е поврзана со актуелните состојби со надлежностите на Бирото за развој на образованието, а посебно потребата за нормативно регулирање на истите во насока на развојот и унапредувањето на воспитанието и образованието во Република Македонија.

Донесувањето на ваков закон во овој момент е актуелен и повеќе од потребен, ако се знае дека со донесените закони од областа на образованието некои надлежностите на Бирото

сега се подделеин и доделени на повеќе институции од областа на образованието.

Во мојата понатамошна дискусија ќе се задржам на текстот на Законот.

Во Глава 1 - Основни одредби, во четити члена се дефинира дека со овој закон се уредуваат надлежностите на Бирото за развој на образованието врз начелото на законитост, одговорност, ефикасност и транспарентност, потоа дека бирото е орган на државната управа во состав на Министерството за образовние и наука со својоство на правно лице кое врши стручни работи кои се дел од воспитно-образовниот систем во Република Македонија и притоа вршењето на овие работи се засноваат врз научни и стручни методи и пристапи.

Во Глава 2 - Надлежности на бирото, се дефирнира работата на бирото која се однесува на развојот и унапредувањето на системот за предучилишно, основно, средно, специјализирано образование, образованието на возрасните и образованието на лицата на граѓаните во Република Македонија и во странство, за учење на нивниот мајчин јазик и култура.

Во членот 5 се наброени 7 точки на активности и дејности врз кои Бирото врши стручни управни и други работи како дел од надлежности на Министерството за образование и наука.

Во членовите од 6 до 11 се дефинирани и образложени стручните работи во надлежност на бирото дадени во член 5.

Мислам дека надлежностите на Бирото во овој дел не се целосно, прецизно и јасно дефинирани и регулирани и затоа го поддржувам предлогот овој закон да оди во две фази.

Кога зборувам за овој дел дека треба да биде појасен, мислам дека тука надлежностите на Бирото, треба да кореспондираат со оние што веќе на некој начин им се доделени со донесените закони од областа на образованието.

Можеби, во дел и ќе се повторувам со надлежносстите кои веќе се дадени со овој предлог за донесување на законот. Затоа предлагам во членовите од 6 до 11 односно дело на стручните работи во надлежност на Бирото да се преработи и надополни со: плановите и програмите за јавните училишта ги изготвува Бирото; Бирото изготвува посебни програми за организирање на дополнителна настава на деца од Република Македонија во странство; изготвува и предлага нормативи и стандарди за основање на основни училишта; изготвува прописи за критериумите и начинот на остварувањето на основното образование на ученици со посебно воспитно-образовни потреби; стручно и педагошко усовршување на директорот, наставникот и струниот соработник во јавното училиште го остварува Бирото; Бирото изготвува програма за полагање на стручен испит на наставник, стручен соработик и воспитувач; изготвува концепција за описно оценување; екстгерното проверување и оценување на постигнувањето на учениците го врши бирото; предлага испитни програми за полагање на испити во државна матура, училишната матура, завршен испит и меѓународна матура; бирото, покрај другото, Советот на родители, директорот, просветната инспекција, за наставниците и стручните соработници кои не покажуваат задоволителни резултати, покренува иницијатива до училишниот одбор за преиспитување на ниввната способност за реализијата на работните обврски; претставник на бирото врши интервју, покрај другите и со кандидатите кои ги исполнуваат условите за директор, потоа програмата за издавање на учебници ја изготвува бирото.

Ова последното мислам дека треба да се појасни и допрецизира, значи да се дефинира за какви договори станува збор за да нема забуна и злоупотреби во примената на оваа законска регулатива.

Понатаму во Глава 4 - Раководење со Бирото, во член 13 став 2 стои дека директорот може да има заменик. Зе прашувам зошто може. Бидејќи Бирото е институција во рамките на Министерството за обраазование и наука, предлагачот треба да цени дали е потребен заменик на директорот или не.

И на крајот предлагам посебна глава - Казнени одредби во која ќе се дефинира кои работи и активности не смеат да ги прават Бирото односно вработените во Бирото за развој на образованието.

Од изнесените причини јасно е дека ќе ја поддржам потребада за донесување на закон за Бирото.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Бонева, имате збор.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе, господине министер, јас сакам да го искажам ставот на претеничката група на ВМРО-ДПМНЕ по однос на законот за Бирото за развој на образованието.

Сметаме дека овој закон не носи новини во правец на подобрување на образованиот систем во државата, не ги издвојува и не ги потенцира најважните сегменти од надлежноста на Бирото кои треба да доведат до подобрување и квалитет на знаењета на младите генерации. Тој ги занемарува најважните носители на развојот, обуката на наставниот кадар и Одделението за оценување, ставајќи ги во купот надлежности на Бирото, без дефинирање на нивната ефикасност, како во поглед на потребата од стручен кадар, така и потребата од додатни материјални средства. Наместо да се дефинира како неопходен стручен орган на Министерството за образование и наука, Бирото преку овој закон останува како и порано, се и сешто. Еве зошто:

До 1991 година постоеше закон за педагошки завод што сега се нарекува Биро за развој на образованието, со кој беа утврдени надлежностгите на Заводот во доменот на предучилишното, основното, средното

гимназиско, специјалното образование, образованието на возрасни како и образование на деца на нашите граѓани кои живеат во странство. Од 1991 година тој закон е укинат и до денес Бирото е со статус на правно лице, а неговите надлежности се дефинирани со други правни акти кои ја регулираат работата на Бирото како и во претходниот период, со тоа што се изменија некои работи во организацијата на работата како на пример, стручните работници станаа државни службеници, се укинаа дел од подрачните единици, се намали бројот на вработените и со овој закон надлежностите кои се даваат во членовите 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, тие истите од претходниотт закон. Од 1994 година до денес, има десет години, во Бирото се реализирани повеќе проекти кои се финансирани од ЕУ, УНИЦЕФ, невладини разни организации, со донација на Владите од Германија, Франција, Холандија и други држави. Одржани се многу семинари за обука на наставниот кадар, направени се промени во наставните програми, воведени се измени во наставната методологија на работа на наставниците и врз база на овие повеќегодишни искуства, донесена е Стратегијата за развој на образованието на Република Македонија. Оваа стратегија дава светска и европска ориентација на идниот образовен систем во Македонија, но во овој Предлог на закон за Бирото таа навистина не може да се прочита.

Предложениот закон за Бирото за развој на образовние во себе содржи единствено обележја на опис на дејност и систематизација, се карактеризира со отсуство на прецизно дефинирање на организациона поставеност и начин на работа и во основа овој закон се состои од декларативен текст без дефинирани законски и правни одредби.

Заложбите во областа на образованието од претходнот период се дадени во Националната програма за образование и таму се прецизирани три органи на Министерството за образование и тоа пресветниот инспекторат, Бирото за развој и Државниот испитен центар. Тоа е битно да се напомене затоа што станува збор за недоследност на овој Предлог закон со националната програма за образование, бидејќи со него се врши спојување и испреплетување на Бирото за развој, со планираниот и нереализиран државен испитен центар на начин што функциите на испитниот центар неодредено и нафрлено се вметнуваат во дејноста на Бирото. Од овој аспект битно е Предлог - законот да биде доработен на начин што дејноста на Бирото треба да биде регулирана одвоено од дејноста на државниот испитен центар.

Со евентуалното стапување во сила на еден ваков закон, македонското образование добива уште една измена на структурата која придонесува за несинхронизирано функционирање. Неусогласеност постои во самите модели на планирање во различни нивоа на образование. Како евидентен пример за тоа се високо естетските тела кои постојат во високото образование, но отсуствуваат во сите степени на пониското образование. Затоа во организационата поставеност на Бирото за развој на образованието, потребно е постоење на следните тела: Национален совет на експерти за основвно образование со примарна одговорност за подготовка на национален корикулум, документ за основното образование составен од општа содржина на задолжителните предмети, како и општите цели што сите ученици треба да ги постигнат. Врз основа на таа рамка училиштата и реализаторите на таа настава специрфицираат конкретна содржина на предметите, се избираат сопствените наставни методи и имаат слобода да изберат учебници по нивен избор, од листата што ја има одобрено Советот на експерти.

Во средното образование, Национален совет на експерти за гимназинско образование, како и Национален совет за стручно образование и обука.

Националниот совет на експерти за гимназиско образование треба да има примарна одговорност за подготовка на национален кориколум, документ за гимназиско образование составен од задолжителни предмети кои сочинуваат 80 до 90% од кориколумот, како и национален совет за стручно образовние и обука, составен од пооделни тимови на претставници на струките со примарна одговорност за национален кориколум, документ за стручно образование и обука кој во зависност од видот на курсот ќе соодветствува со конкретните задолжителни предмети.

Поради очигледните недостатоци и неусогласености на овој предлог закон со Националната програма за развој на образованието, ВМРО-ДПМНЕ предлага во Законот за биро за образование да се дадат и дополнителни одредби и тоа: администрирање на работата на експерски тела од основното и средното образование, подготовка на нациналeн кориколум, значи на наставниот план и програма за основното и средното образование, координација на развојот на образованието со економскиот развој и пазарот на трудот, порамнување на мрежата на просветниот инспекторарт со мрежата на бирото за развој на образованието, дефинирање на механизми за поддршка на внатрешната еваулација на национално ниво, изготвување на стандардизирани тестови за знаењата на децата на национално ниво и одобрување на проекти на невладини организации кои се однесуваат на образованието. Од тие причини сметаме дека законот треба да биде донесе во две фази за да може навистина да се подготви еден сериозен законски текст кој ќе одговара на она што претставува стратегија и цел зацртана во Националната програма за развој на образованието во Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Инаку, госпоѓа Бонева, колку што гледам Законот и онака оди во две фази. Овде треба заклучоци да изгласаме. Така што вашиот предлог е веднаш прифатлив.

Бидејќи нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот.

Треба да пристапиме кон гласање и усвојување на заклучоци.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Бидејќи немаме кворум, а тешко и ќе обезбедиме, ја прекинувам седницата.

Продолжуваме со работа во понеделник во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,08 часот).